ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 04-354/2
02.07.2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

1

Врз основа на член 155-в, член 155-д, чл.155-ж ст.1,2,3, 4 и 5, чл.156, чл.157 ст.1 ал.1, чл.158, чл.159, чл.160, чл.164-а, чл.164-б, чл.164-в и 164-г од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 30/24, 74/24 и 170/24), чл.20-г од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18, 143/19, 14/20 и 208/24), а согласно чл.22 и чл.23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), Годишниот план за вработување на ЈЗУ УК за дерматологија за 2025 година, Правилникот за систематизација на работни места на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје бр.02-306/4 од 13.04.2017, Известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 19-5678/2 од 18.06.2025 година и Одлука за објавување на јавен оглас бр.04-354/1 од 02.07.2025, В.Д. Директорот на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје на ден 03.07.2025 година објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за вработување на здравствени работници на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје**

1. ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје распишува Јавен оглас за вработување на неопределено време на следните работни места:
- медицинска сестра со ССС- 3 (три) извршители
-медицинска сестра со ВСС- 1(еден) извршител

2. Кандидатите за огласените работни места треба да ги исполнуваат **општите услови** за засновање на работен однос согласно со Законот за работни односи:
- да е државјанин на РМ
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност
- да не му е изречена правосилна забрана за вршење на професија, дејност или должност

3. Покрај со закон утврдените општи услови, кандидатите за работно место - Медицинска сестра со ССС на неопределено време, треба да ги исполнуваат и посебните услови кои се бараат за наведеното работно место:
- Средно медицинско образование,
- Положен стручен испит и
- Сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Полното работно време за огласеното работно место изнесува 40 (четириесет) часа неделно.
Основната нето плата за медицинска сестра со ССС изнесува 34.520,00 денари.

4. Покрај со закон утврдените општи услови, кандидатите за работно место - Медицинска сестра со ВСС на неопределено време, треба да ги исполнуваат и посебните услови кои се бараат за наведеното работно место:
- завршено високо образование (VII/1) или 180 кредити според ЕКТС-Медицински факултет
- положен стручен испит
- потврда за познавање на еден од светските јазици ниво А1(англиски, германски или француски)
- сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење
- со или без работно искуство

Полното работно време за огласеното работно место изнесува 40 (четириесет) часа неделно. Основната нето плата за медицинска сестра со ВСС изнесува 39.320,00 денари.

5. Во прилог на пријавата канидатите за работно место-медицинска сестра со ССС, се должни да достават соодветни докази во оригинал или копија заверена на нотар, во поглед на општите и посебните услови и тоа:

- пријава со лична биографија (CV) задолжително со податоци за контакт (адреса на живеалиште или престој, број на телефон и E-mail адреса);
- уверение за државјанство на Р.С.Македонија (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- лекарско уверение за вработување, не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- уверение-потврда дека не е изречена со правосилна одлука забрана за вршење професија, дејност или должност не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- диплома со просечен успех од завршено средно медицинско училиште, насока медицинска сестра техничар и уверение/сведителство за завршено средно медицинско образование насока медицинска сестра од сите четири години (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- потврда за положен стручен испит (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство доколку го има (оригинал или фотокопија заверена на нотар).

6. Во прилог на пријавата канидатите за работно место-медицинска сестра со ВСС, се должни да достават соодветни докази во оригинал или копија заверена на нотар, во поглед на општите и посебните услови и тоа:

- пријава со лична биографија (CV) задолжително со податоци за контакт (адреса на живеалиште или престој, број на телефон и E-mail адреса);
- уверение за државјанство на Р.С.Македонија (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- лекарско уверение за вработување, не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- уверение-потврда дека не е изречена со правосилна одлука забрана за вршење професија, дејност или должност не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- диплома и уверение за завршен медицински факултет со просечен успех, оригинал или фотокопија заверено на нотар ;
- нострификацијa на диплома за кандидати кои завршиле во странство и еквиваленција на оценки (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- потврда за положен стручен испит (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство доколку го има (оригинал или фотокопија заверена на нотар).
- доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), оригинал или фотокопија заверена на нотар;

7. Јавниот оглас трае 5 (пет) дена од денот на објавување, а постапката ќе се спроведе согласно Законот за здравствена заштита.
8. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци, во спротивно ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.
9. По извршената селекција на пријавените кандидати за огласените работни места, кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе биде спроведен писмен и устен испит согласно чл.164-в од Законот за здравствена заштита.
10. Пријавата со целокупната потребна документација се доставуваат во затворен коверт со напомена: "Да не се отвора", на следнава адреса: ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, Ул. Мајка Тереза, бр.17 , 1000 Скопје со назнака "јавен оглас за вработување" или директно во Архивата на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје.

ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје